SYMPOSION

# П О К А Н А

**ЗА УЧЕСТВО НА**
**ТРИДНЕВНА СТРУЧНА РАБОТИЛНИЦА**

## „АКТУЕЛНИ ТЕМИ ЗА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈАВНИОТ СЕКТОР: ПОВРЗАНОСТА НА ФУНКЦИОНАЛНАТА АНАЛИЗА СО ПЛАНИРАЊАТА НА ВРАБОТУВАЊАТА, ВИДОВИТЕ ОДГОВОРНОСТ И ОБВРСКИТЕ НА ЛИЦАТА ЗА ИНТЕГРИТЕТ“

**(1–4 ЈУНИ ВО ВИЕНА, АВСТРИЈА)**

## ВО ФОКУСОТ НА ТРИДНЕВНАТА РАБОТИЛНИЦА

Во пресрет на усвојувањето на **НОВИТЕ ЗАКОНСКИ РЕШЕНИЈА** за вработените во јавниот сектор и во одговор на растечкиот стручен интерес за областа **УПРАВУВАЊЕТО СО ЧОВЕЧКИТЕ РЕСУРСИ ВО ЈАВНИОТ СЕКТОР**, Симпозион ја организира оваа работилница заради усовршувањето на стручните компетенции преку подетална разработка на **АКТУЕЛНИТЕ ТЕМИ И ПРАШАЊА**, уредени со ЗАКОНОТ ЗА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈАВНИОТ СЕКТОР, ЗАКОНОТ ЗА АДМИНИСТРАТИВНИ СЛУЖБЕНИЦИ и ЗАКОНОТ ЗА РАБОТНИТЕ ОДНОСИ.

ФОКУСОТ на оваа **ТРИДНЕВНА РАБОТИЛНИЦА** ќе биде поставен врз НОВИОТ ОПШТ КОЛЕКТИВЕН ДОГОВОР ЗА ЈАВНИОТ СЕКТОР, потпишан во јули 2023 година, а предвидените содржини ќе му посветат внимание на ГРАНСКИОТ КОЛЕКТИВЕН ДОГОВОР за органите на државната управа, стручните служби на Владата на Република Северна Македонија, судовите, јавните обвинителства, казнено-поправните и воспитно-поправните установи, државното правобранителство, општините, Градот Скопје и општините на градот Скопје, агенциите, фондовите и другите органи основани од Собранието на Република Северна Македонија. Дополнително, работната агенда ќе отвори уште едно АКТУЕЛНО ПРАШАЊЕ во секојдневното работење на институциите во јавниот сектор: **ВОВЕДУВАЊЕТО, СПРОВЕДУВАЊЕТО И СЛЕДЕЊЕТО НА СИСТЕМОТ НА ИНТЕГРИТЕТ** во институциите во јавниот сектор.

Примената на ЗАКОНОТ ЗА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈАВНИОТ СЕКТОР и ЗАКОНОТ ЗА АДМИНИСТРАТИВНИ СЛУЖБЕНИЦИ резултираше со **НОВ И РАЗЛИЧЕН ПРИСТАП** кон управувањето со човечките ресурси во јавниот сектор, усогласен со добрите практики и начела за јавната администрација. Променетиот пристап во значителна мерка ги разликува овие закони од правилата уредени со општото работно законодавство, кое е применливо и во приватниот сектор. Во нивната **ПРАКТИЧНАТА ПРИМЕНА** се појавија многубројни **ПРЕДИЗВИЦИ, РАЗЛИЧНИ ТОЛКУВАЊА И ДИЛЕМИ**. Затоа, со оваа работилница ќе се осврнеме токму на **НОВИТЕ ТЕМИ И ПРАШАЊА** кои се појавуваат кај вработените во областа на управувањето со човечките ресурси при примената на законите во секојдневното работење – изработката на функционална анализа и акти за внатрешна организација и систематизација на работни места, планирање на вработувањата, дисциплинската и материјалната одговорност на службениците, како и управувањето со учинокот.

Имајќи ги предвид честите **ИЗМЕНИ И НОВИНИ ВО РАБОТНОТО ЗАКОНОДАВСТВО**, како и случувањето на ОПШТИОТ КОЛЕКТИВЕН ДОГОВОР ЗА ЈАВНИОТ СЕКТОР, на оваа работилница едновремено ќе се дискутираат ПРАВНИТЕ ИНСТИТУТИ и ПРАВАТА И ОБВРСКИТЕ регулирани со општото работно законодавство и со колективните договори: склучувањето и

откажувањето на договор за вработување, плата и додатоци и надоместоци на плата, работно време, право на одмор, платено и неплатено отсуство, стручно усовршување и заштита на правата на работниците.

Следејќи ги последните новости во стручната реалност, овој едукативен настан ќе го разгледа **ИНТЕГРИТЕТОТ ВО ЈАВНИОТ СЕКТОР** како клучен поим кој подразбира законито, независно, непристрасно, етичко, одговорно и транспарентно вршење на работи. Интегритетот ќе биде разработен како механизам преку кој службените лица го штитат сопствениот углед и угледот на институцијата во која се вработени или одговорни лица, ги елиминираат ризиците и ги отстрануваат сомневањата во можноста од настанување и развој на корупција, со што ја обезбедуваат довербата на граѓаните во вршењето на јавните функции и во работата на јавните институции. Прифаќањето на **ПОЛИТИКАТА НА ИНТЕГРИТЕТ** и назначувањето **ЛИЦЕ ЗА ИНТЕГРИТЕТ** се првите чекори во воспоставувањето на овој систем и работилницата ќе навлезе во **СИТЕ КОМПОНЕНТИ НА УСВОЕНИОТ МОДЕЛ** за системот на интегритет. Сите теми ќе бидат разгледани низ визурата на НОСИТЕЛИТЕ НА ЈАВНИ ФУНКЦИИ, ВРАБОТЕНИТЕ И АНГАЖИРАНИТЕ ЛИЦА ВО ИНСТИТУЦИИТЕ ОД ЈАВНИОТ СЕКТОР, поаѓајќи од нивната одговорност за зајакнувањето на системот на интегритет.

Додадената вредност на работилницата ќе биде **ИНТЕРАКТИВНАТА КОМУНИКАЦИЈА** на учесниците со предавачот, акцентот на **МЕЃУСЕБНА РАЗМЕНА** на искуства, мислења и ставови во предметната област, како и овозможениот простор за **ДАВАЊЕ ПРЕПОРАКИ И ПРИДОНЕС** во подобрувањето на законодавната рамка во областа на управувањето со човечките ресурси во јавниот сектор.

Тридневната работилница ќе се реализира со богата програма на патување и со внимателен избор на многу квалитетни места и искуства **ОД 01 ДО 04 ЈУНИ 2024** ГОДИНА во раскошната централна средина на **ВИЕНА**, Австрија.

Покрај заинтересираните групи и деталите за начинот на пријавување, подолу е претставена и целосната **РАБОТНА АГЕНДА** за тридневната работилница.

Повеќе информации за **ПРЕДАВАЧОТ**, кој ќе ги води и менторира едукативните блокови, како и детално разработената **ПРОГРАМА НА ПАТУВАЊЕТО**, пак, која ги опфаќа **СИТЕ АСПЕКТИ НА АРАНЖМАНОТ** и местата на посета во Виена, ќе бидат доставени до **ЗАИНТЕРЕСИРАНИТЕ УЧЕСНИЦИ** кои ќе испратат **БАРАЊЕ** на нашата официјална електронска адреса info@simpozion.mk или на нашиот контакт број: **078 271 576**.

## ЗАИНТЕРЕСИРАНИ УЧЕСНИЦИ

Земајќи ги превид темите опфатени со подолу изложената агенда, работилницата е наменета и особено полезна за ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈАВНИОТ СЕКТОР, за АДМИНИСТРАТИВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ, ОДГОВОРНИТЕ ЛИЦА, ЛИЦАТА НА РАКОВОДНИ ПОЗИЦИИ, НЕВРАБОТЕНИТЕ ЛИЦА СО ИНТЕРЕС ЗА ПРЕДМЕТНАТА ОБЛАСТ, АДВОКАТИТЕ кои се занимаваат со заштита на правата што произлегуваат од работните односи на вработените во јавниот сектор и на административните службеници, како и за ДРУГИ ЗАИНТЕРЕСИРАНИ ЛИЦА.

SYMPOSION

## НАЧИН ЗА ПРИЈАВА НА УЧЕСТВО

Со оглед на ограниченоста на капацитетите и важноста на навременото оформување група, Симпозион ќе им даде **ПРЕДНОСТ НА ПРВОПРИЈАВЕНИТЕ УЧЕСНИЦИ**. За учесниците пријавени **ДО 15 АПРИЛ**, предвиден е **ПОПУСТ ОД 5%** на **ЦЕЛИОТ АРАНЖМАН И КОТИЗАЦИЈАТА ЗА УЧЕСТВО**. Котизацијата за работилницата изнесува 8.500,00 денари. Според тоа, за пријавите испратени **до 15 април,** цената за котизација **СО ПОПУСТ ОД 5%** изнесува **8075,00 ДЕНАРИ**. За пријавени 3 и повеќе лица од иста институција следува **ДОПОЛНИТЕЛЕН ПОПУСТ ОД 5 %.**

Котизацијата **ВКЛУЧУВА:** полно учество во работните сесии на тридневната стручна работилница, користење на конференциска сала, кафе-паузи, сертификат за учество, работен материјал од работилницата, како и непосредна комуникација со предавачот за надминување на Вашите прашања и дилеми.

Заради **КВАЛИТЕТОТ НА РАБОТИЛНИЦАТА** и **КОМФОРОТ НА НЕГОВИТЕ РАБОТНИ УСЛОВИ**, бројот на учесници е **ОГРАНИЧЕН**. Пријавувањето за учество на работилницата е отворено најдоцна **ДО 17 МАЈ** 2024 г. со пополнување и испраќање на **ПРИЈАВНИОТ ЛИСТ** на следната електронска адреса: info@simpozion.mk

За сите дополнителни прашања и потребни информации во врска со работилницата, слободно контактирајте нè на тел. **078 271 576** или на официјалната ел. адреса.

**Подолу е достапна целосната работна агенда на тридневната работилница, а наведени се и информациите за уплата на котизацијата и аранжманот.*

SYMPOSION

# А Г Е Н Д А

## „АКТУЕЛНИ ТЕМИ ЗА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈАВНИОТ СЕКТОР: ПОВРЗАНОСТА НА ФУНКЦИОНАЛНАТА АНАЛИЗА СО ПЛАНИРАЊАТА НА ВРАБОТУВАЊАТА, ВИДОВИТЕ ОДГОВОРНОСТ И ОБВРСКИТЕ НА ЛИЦАТА ЗА ИНТЕГРИТЕТ“

**ТРИДНЕВНА СТРУЧНА РАБОТИЛНИЦА**

### Прв ден

***Сабота, 1 јуни***

**17.30—19.00** АКТУЕЛНИ ТЕМИ ОД ЗАКОНОТ ЗА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈАВНИОТ СЕКТОР

- Функционална анализа – процес и документ
- Спроведување на процесот на функционална анализа
- Извештај од спроведена функционална анализа и план за подобрување
- Акти за внатрешна организација и систематизација на работните места
- Планирање на вработувањата
- Постапка за донесување и за изменување и/или дополнување на годишниот план
- Извештаи за реализација на годишните планови за вработување

### Втор ден

***Недела, 2 јуни***

**09.30—11.00** АКТУЕЛНИ ТЕМИ ОД ЗАКОНОТ ЗА АДМИНИСТРАТИВНИ СЛУЖБЕНИЦИ

- Дисциплинска неуредност и дисциплински престап
- Дисциплинска постапка
- Видови дисциплински мерки
- Постапка за утврдување материјална одговорност
- Утврдување на работните цели и задачи
- Утврдување на индивидуалниот план за стручно усовршување
- Постапка за оценување
- Оценување во други случаи

**11.00—11.30** Кафе пауза

**11.30—13.00** АКТУЕЛНИ ТЕМИ ОД ЗАКОНОТ ЗА РАБОТНИ ОДНОСИ И НОВИНИТЕ ОД ОПШТИОТ КОЛЕКТИВЕН ДОГОВОР ЗА ЈАВНИОТ СЕКТОР

- Склучување и откажување на договор за вработување
- Плата, додатоци и надоместоци на плата
- Работно време и право на одмор
- Платено, неплатено отсуство и стручно усовршување
- Заштита на правата

SYMPOSION

**ТРЕТ ДЕН**

***Понеделник, 3 јуни***

**09.30—11.00** СИСТЕМ НА ИНТЕГРИТЕТ ВО ЈАВНИОТ СЕКТОР

- Елементи на системот за интегритет
- Воведување политика за интегритет и назначување лице за интегритет
- Обврски на институциите и соработка со релевантните институции за системот на интегритет
- Етички кодекси

## ПОДАТОЦИ ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ И УПЛАТА

**Информации за уплата на котизација за работилницата**:

Примач: СИМПОЗИОН ДООЕЛ – Скопје
Адреса: ул. Франклин Рузвелт бр.54/16, Скопје
Сметка бр. 210071635330103
НЛБ Тутунска Банка АД – Скопје
ЕДБ: МК4080016561868
Контакт тел.: 078 271 576

**Информации за уплата на аранжманот**:

Примач: СИМПОЗИОН – Подружница ТА ТРАВЕЛ ТУДЕЈ – Скопје
Адреса: ул. Народен фронт бр.19а (ТЦ Б.Хилс), Скопје
Сметка бр. 210071635330297
НЛБ Тутунска Банка АД – Скопје
ЕДБ: МК4080016561868
Контакт тел.: 076 30 62 62

**Пријава за учество**:

**ПРИЈАВЕН ЛИСТ** – учеството се потврдува со негово испраќање на: info@simpozion.mk
(последен рок за пријавување: **17 мај** 2024 г.)